**20203024120**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПШТА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ(*)**

Се прогласува Законот за општа безбедност на производите(*),
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2020 година.

Бр. 08-4524/1
16 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ОПШТА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ(*)**

Глава 1

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет и цел на законот**

Член 1

(1) Со овој закон се уредува општата безбедност на производите кои се пласираат на пазарот, критериумите за оценување на сообразноста на производите со општите барања за безбедност, обврските на производителот и на дистрибутерот, условите за информирање и размена на информации во врска со ризиците што од производот произлегуваат за здравјето и безбедноста на потрошувачите и на другите корисници, како и вршењето надзор.

(2) Целта на овој закон е да се осигура дека производите коишто се пласираат на пазарот се безбедни.

**Примена**

Член 2

(1) Овој закон се применува на сите производи кои во смисла на овој закон се сметаат за производ, освен за производи за кои со посебни прописи се утврдени барањата за нивна безбедност.

---

(*) Со овој закон се врши усогласување со Директива 2001/95/ ЕЗ за општа безбедност на производите, CELEX број 32001L0095 и со Директивата на 87/357/ЕЕЗ за усогласување на законите на земјите – членки која се однесува на производи кои како поинакви од оние што треба да ги претставуваат, го загрозуваат здравјето и безбедноста на потрошувачите, CELEX број 31987L0357

(2) Овој закон се применува и на ризиците и категориите на ризици коишто производот може да ги претставува, а коишто не се опфатени со посебните прописи со коишто се утврдуваат барањата за безбедност на производи.

(3) Ако со посебен пропис со кој што се утврдуваат барањата за безбедност на производи, не се уредуваат прашања коишто се однесуваат за обврските на производителот и дистрибутерот, за обврската за информирање и размена на информации во однос на производот, како и прашања поврзани со надзорот, се применуваат одредбите од овој закон.

**Одговорност за штета**

Член 3

Исполнувањето на обврските на производителот утврдени со овој закон не ја исклучува одговорноста на производителот за штетата настаната од производ, односно од производ со недостаток согласно со Законот за заштита на потрошувачите и Законот за облигационите односи.

**Значење на одредени поими и изрази**

Член 4

Одделните поими и изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

(а) „потрошувач“ е лицето дефинирано како потрошувач во прописите за заштита на потрошувачите;

(б) „производ“ е кој било производ, вклучувајќи и производ а е во контекст на давање услуги, кој е наменет за потрошувачите или е веројатно, според разумно предвидливи услови, дека ќе биде употребен од потрошувачите дури и ако не е наменет за нив и кој е снабден или направен достапен, со или без надоместок, во рамките на стопанска дејност без оглед дали е нов, употребуван или преправен, освен употребуван производ кој се испорачува како антиквитет или производ кој треба да се поправи или преправи пред да биде употребен, под услов снабдувачот за тоа јасно да го информира лицето кое го снабдува со производот;

(в) „безбеден производ“ е производ кој, во нормални или според разумно предвидливи услови на употреба вклучително и неговиот рок на траење и кој, тогаш кога е применливо, со барањата за ставање во употреба, инсталирање и одржување, не претставува каков било ризик или претставува само минимален ризик примерен со употребата на производот и кој се смета дека е прифатлив и ускладен со високо ниво на заштита за безбедноста и здравјето на луѓето, земајќи ги особено предвид:

- карактеристиките на производот вклучително неговиот состав, пакување, инструкции за составување и, кога е применливо, инструкции за инсталација и одржување,
- ефектите врз други производи, тогаш кога е разумно предвидливо дека истиот ќе се употребува заедно со други производи,
- претставувањето на производот, неговото означување, какви било предупредувања и упатствата за употреба и фрлање и/или отстранување и какви било други назнаки или информации во врска со производот и
- категориите на потрошувачи, особено децата и старите лица кои се изложени на ризик при употреба на производот;

(г) „опасен производ“ е производ кој не е безбеден производ во смисла на значењето определено со овој закон, при што можноста да се постигнат повисоки нивоа на безбедност или достапноста на други производи коишто претставуваат помал степен на ризик нема да претставува основа производот да се смета опасен;

(д) „измамнички производ“ е производ кој го загрозува здравјето и безбедноста на потрошувачите така што со својот изглед, облик, величина, боја, мирис, пакување, односно амбалажа, ознака, количина или на друг начин наликува на прехранбен производ, а не е прехранбен производ, така што постои значителна веројатност дека потрошувачите, а особено децата, ќе го употребат како прехранбен производ што би можело да претставува опасност од задушување, труење, пробивање или опструкција на дигестивниот тракт или друга опасност по нивното здравје или живот;

(ѓ) „сериозен ризик“ е секој сериозен ризик, вклучително и оној чии ефекти не се непосредни и кои бараат брза интервенција од надлежните органи на државната управа;

(е) „производител“ е:

- лицето кое го изработува производот, кога истиот има седиште во Република Северна Македонија или во Европската унија, како и кое било правно или физичко лице кое се претставува себеси како производител така што на производите го става своето име, заштитен знак или друга знак за разликување, или лице кое го преправа производот,

- застапникот на производителот, кога производителот нема седиште во Република Северна Македонија или во Европската унија или доколку производителот нема застапник во Република Северна Македонија или во Европската унија, увозникот на производот и

- друго лице кое во рамките својата стопанска дејност учествува во синџирот на снабдување, доколку неговата активност може да влијае врз безбедноста на производите;

(ж) „дистрибутер" е правно или физичко лице кое во рамките на својата дејност е вклучено во синџирот на снабдување и чија активност не влијае врз безбедноста на производот;

(з) „поврат на производ” е мерка која што има за цел да се врати опасен производ со кој што производителот или дистрибутерот ги снабдил или им го направил достапен на потрошувачите;

(ѕ) „повлекување на производ" е мерка која што има за цел спречување на дистрибуцијата, прикажувањето или нудењето на производот што е опасен за потрошувачот;

(и) „органи за надзор на пазарот” се Државниот пазарен инспекторат, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот трудов инспекторат, Државниот инспекторат за техничка инспекција, Државниот инспекторат за животна средина и други органи на државната управа или инспектори кои вршат надзор на пазарот во согласност со закон, како и други органи и организации и независни регулаторни тела што вршат надзор на пазарот;

(ј) „достапност на пазар” е секоја набавка на производ за дистрибуција, потрошувачка или за употреба на пазарот на Република Северна Македонија и на пазарот на Европската унија, преку трговска дејност со или без плаќање на надоместок и

(к) „пласирање на пазар“ е активност со која производот за прв пат станува достапен на пазарот во Република Северна Македонија и/или на пазарот на Европската Унија.

## Глава 2
## КРИТЕРИУМИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СООБРАЗНОСТА НА ПРОИЗВОДОТ СО ОПШТИТЕ БАРАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

### Општо барање за безбедност

Член 5

(1) Производителите се должни на пазарот да пласираат само безбедни производи.

(2) Производот се смета за безбеден, во смисла на ставот (1) на овој член, ако со посебни прописи се уредени некои аспекти на опасност, односно видови на опасност, при што овие прописи не се дел од хармонизираната област на Европската Унија и чија цел е

да се осигура безбедноста на производите, ако ги исполнуваат здравствените и безбедносни услови утврдени со овие прописи и коишто производот мора да ги задоволи за да се пласира на пазарот.

(3) Производот се претпоставува дека е безбеден, во смисла на ставот (1) на овој член, кога, доколку ризиците и категориите на ризици се опфатени со соодветните национални стандарди од ставот (4) на овој член, кога тој е во сообразност со националните стандарди со кои што се преземаат европски стандарди донесени заради исполнување на општото барање за безбедност на производите.

(4) Листата стандарди од ставот (3) на овој член ја утврдува министерот за економија и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Останати критериуми за утврдување на сообразноста**

Член 6

Доколку не постојат правилата, односно стандардите од член 5 ставови (2) и (3) од овој закон, сообразноста на производот со општите безбедносни барања ќе се оценува врз основа на следните елементи, кога тие постојат:

1. доброволни национални стандарди кои се преземени од европските стандарди, а кои не се опфатени со листата на стандарди од членот 5 од овој закон;
2. национални стандарди на Република Северна Македонија;
3. пропис на Владата на Република Северна Македонија со кој се преземаат препораките на Европската комисија и со кој се дава насока за оценка на безбедноста на производ, односно препораките на Европската комисија, согласно со членот 16 од овој закон;
4. кодексите на добра практика во областа на безбедноста на производите кои се на сила во соодветниот сектор;
5. состојбата на техниката и технологијата и
6. разумни очекувања за нивото на безбедност што го имаат потрошувачите.

**Забрана за измамнички производи**

Член 7

Забрането е производство, увоз, извоз или пласман на пазарот на измамнички производи.

**Заштитна клаузула**

Член 8

Органите за надзор на пазарот, ако врз основа на докази утврдат дека производот, иако ги исполнува барањата за безбедност согласно со овој закон, претставува опасен производ, има право да го забрани пласирањето на пазарот, односно да определи повлекување и/или поврат на производ.

Глава 3
ОБВРСКИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ И ДИСТРИБУТЕРОТ

**Обврски на производителот**

Член 9

(1) Производителите во рамките на вршење на нивните дејности, се должни да им ги обезбедат на потрошувачите сите соодветни информации кои им овозможуваат да ги оценат опасностите од производот во текот на вообичаениот или разумно предвидлив период на употреба и да преземат мерки на претпазливост за опасностите од производот и таму каде што таквите опасности не се очигледни веднаш без соодветно предупредување.

(2) Давањето на информации од ставот (1) на овој член не го ослободува производителот од одговорност за усогласеност со другите барања утврдени во овој закон и Законот за заштита на потрошувачите.

(3) Производителот е должен, во зависност од својствата на производот, а во рамките на неговата дејност, да презема мерки коишто ќе му овозможат проценка односно утврдување на ризикот, така што за тоа соодветно да ги предупреди потрошувачите или да преземе одредено дејствие за отстранување или намалување на ризикот, вклучувајќи, ако е нужно за да се избегнат овие ризици, поврат од пазарот или повлекување на производот од потрошувачите.

(4) Мерките од ставот (3) на овој член вклучуваат, особено:

1. означување на идентитетот на производителот и обезбедување други информации за производителот и за производот или каде што е можно, серијата на производи на кои тој припаѓа, на производот или на неговата амбалажа, освен кога е оправдано такви информации да не се дадат и

2. ако е потребно спроведување тестирања на мостри од пласираните производи, испитување и ако е потребно водење регистар на поплаки и редовно известување на дистрибутерите за таквиот мониторинг.

(5) Мерките од ставот (4) на овој член, производителите ги преземаат по сопствена иницијатива или по барање на надлежните органи.

(6) Производителот мерката поврат на производот или повлекување на производот ја презема по сопствена иницијатива или на барање на надлежниот орган. Поврат на производот се презема како последна мерка, кога другите мерки нема да бидат доволни да се отстрани или намали ризикот, а во случаи кога производителите сметаат дека тоа е неопходно или кога се обврзани да го сторат тоа како мерка преземена од надлежните органи. Поврат на производот може да се спроведе во рамките на правилата на најдобри искуства за одредени производи.

**Обврски на дистрибутерот**

Член 10

(1) Дистрибутерот е должен во рамките на дејноста што ја врши да постапува со соодветно професионално внимание со цел да се обезбеди сообразност на производот со применливите барања за безбедност.

(2) Дистрибутерот не смее да пласира производи за кои знае или би требало да знае врз основа на информациите што ги има и согласно неговата професионалност дека не се во согласност со барањата за безбедност.

(3) Дистрибутерот во рамките на своите активности е должен да учествува во следењето на безбедноста на производите пласирани на пазарот преку:

- доставување информации за ризиците од производот,
- чување и доставување на потребната документација потребна за откривање на потеклото на производот и
- преземање мерки што ќе им овозможат ефективно да соработуваат во спроведувањето на мерките и активностите од страна на производителите и надлежните органи со кои што ќе се спречат ризиците.

**Заеднички обврски на производителот и на дистрибутерот за известување**

Член 11

(1) Кога производителите и дистрибутерите знаат или би требало да знаат врз основа на информациите што ги имаат дека производот кој го пласирале на пазарот претставува ризик за потрошувачот, а кој ризик е некомпатибилен со општите барања за безбедност, должни се до Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат да доставaт известување што содржи најмалку:

- информации што ќе овозможат прецизно идентификување на производот или серијата на производи на кои што ова се однесува,
- целосен опис на ризикот што производот го претставува,
- сите достапни информации релевантни за следење на производот и
- опис на дејствијата преземени за спречување на ризикот за потрошувачите.

(2) Начинот за известување како и начинот, критериумите и методите за проценета на ризикот од страна на производителите и дистрибутерите и формата и содржината на образецот за известувањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за економија.

(3) Министерот за економија ќе ја информира Европската комисија за известувањето од ставот (1) на овој член во случаите кога ќе се утврди дека ризикот може да има влијание во земјите членки на Европската Унија.

**Заеднички обврски на производителот и на дистрибутерот за соработка со инспекциски органи**

Член 12

(1) Производителите и дистрибутерите во рамките на нивната дејност се должни да соработуваат на барање на надлежните органи за надзор на пазарот во сите дејствија што се преземаат со цел за да се избегнат ризиците кои произлегуваат од производите кои ги пласираат или веќе ги пласирале на пазарот.

(2) Производителите и дистрибутерите коишто нема да постапат согласно со барањето на надлежните органи за надзор на пазарот одговараат согласно со членот 18 од овој закон.

Глава 4
ИНФОРМИРАЊЕ И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ

**Јавност на податоците**

Член 13

(1) Податоците кои им се достапни на надлежните органи во врска со ризиците по здравјето и безбедноста на потрошувачите што произлегуваат од производите се јавни во согласност со барањата за транспарентност.

(2) Надлежните органи се должни да овозможат пристап до информации со кои детално се опишува производот, природата на ризикот што од него произлегува и мерките што се преземени во врска со тој производ.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член не се јавни податоците кои согласно со прописите за пристап до информации не можат да се објавуваат, како и информациите што се потребни за преземање дејствија на набљудување на пазарот и истражни дејствија.

(4) Надлежните органи се должни да преземат дејствија со кои што ќе спречат пристап до информации што претставуваат деловна тајна кога за тоа има оправдан интерес.

(5) Деловна тајна во смисла на овој закон не можат да бидат информациите кои се однесуваат на безбедносните својства на производите кои мора да бидат достапни на јавноста, за ако тоа го бараат околностите на случајот да се заштити здравјето и безбедноста на потрошувачите и да се заштити јавниот интерес.

(6) Чувањето на деловната тајна не смее да го попречува преносот на информации меѓу надлежните органи во Република Северна Македонија и меѓу надлежните органи на земјите членки на Европската унија и Европската комисија. Надлежните органи во Република Северна Македонија кои примиле информација означена како деловна тајна се должни да обезбедат нејзина заштита согласно со закон.

**Размена на информации**

Член 14

(1) За брзо известување и аламирање помеѓу органите за надзор на пазарот во Република Северна Македонија за мерките и активностите од член 18 и член 32 од овој закон коишто се преземаат во врска со ризиците што произлегуваат од опасен производ по здравјето и безбедноста на потрошувачите се воспоставува систем на брза размена на информации.

(2) Органите за надзор на пазарот го користат системот на брза размена на информации во врска со сериозен ризик како и со други ризици коишто по здравјето и безбедноста на потрошувачите кои што произлегуваат од опасен или од измамнички производ:

1. ќе нареди мерка на поврат или повлекување на производ што претставува сериозен ризик или е измамнички производ;

2. ќе преземе или ќе препорача односно ќе координира или организира преземање соодветни активности на производителот или дистрибутерот во врска со ризикот и

3. е запознаен со намерата на производителот или дистрибутерот за спроведување на нивни активности коишто имаат за цел отстранување или намалување на ризикот, на прифатливо ниво, што производот пласиран на пазарот го претставува.

(3) Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за економија поблиску ќе го уреди начинот на воспоставување и работење на системот за брза размена на информации.

(4) Орган надлежен за обединување и дистрибуција на информациите од ставот (1) од овој член е Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат.

**Известувања до Европската комисија**

Член 15

(1) Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат е должно за преземените мерки од членот 14 став (2) од овој закон да ја извести Европската комисија и притоа да ги наведе причините за донесените мерки.

(2) Информирањето за производите кои што претставуваат сериозен ризик се спроведува преку системот за брзо информирање за производите кои претставуваат сериозен ризик (во натамошниот текст: RAPEX).

(3) Контактна точка на системот RAPEX во Република Северна Македонија е Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат.

(4) Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат е должно да ја известува Европската комисија за која било промена или престанок на мерките.

(5) Кога Министерството за економија – Државен пазарен инспекторат оцени дека ефектите од утврдените ризици немаат или не можат да имаат досег надвор од територијата на Република Северна Македонија ја известува Европската комисија за преземените мерки ако тие содржат информации кои би биле од интерес на земјите членки на Европската унија во поглед на безбедноста на производите и посебно доколку овие мерки биле донесени како одговор на нов ризик кој што не бил опфатен во други известувања.

**Спроведување на одлуките на Европската комисија**

Член 16

(1) Кога за спроведување на одлуката на Европската комисија со која се забранува или ограничува пласирање на пазарот и извозот на одреден производ или група производи коишто претставуваат сериозен ризик по здравјето и безбедноста на потрошувачите,

Владата на Република Северна Македонија најдоцна во рок од 20 дена од денот на објавување на одлуката на Европската комисија или во рокот определен со одлуката ќе донесе пропис за забрана или ограничување на пласирање на производ.

(2) Со прописот од ставот (1) на овој член поблиску ќе се уреди постапувањето на производителот и на дистрибутерот во врска со спроведувањето на одлуката на Европската комисија.

## Глава 5

## НАДЗОР

### Надлежност за надзор и инспекциски надзор

Член 17

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Министерството за економија.

(2) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон врши Државниот пазарен инспекторат преку државните пазарни инспектори (во понатамошниот текст: надлежни инспектори).

(3) Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат и други органи за надзор на пазарот, а во рамките на нивниот предмет на надзор уреден со посебни прописи (во понатамошниот текст: надлежни инспектори или овластени лица за вршење надзор).

### Мерки на органите за надзор на пазарот

Член 18

(1) Органите за надзор на пазарот при вршење на надзорот освен мерките согласно со член 9 ставови (4), (5) и (6), член 10 став (3) и член 12 став (1) од овој закон, со решение може да ги преземе и изрече следните мерки:

1. За производ може:

- да организира дури и откога производот е пласиран на пазарот како безбеден соодветни проверки на неговите безбедносни карактеристики, во соодветен обем сè до последната фаза на употреба или потрошувачка,

- да ги бара сите неопходни информации од лицата вклучени во синџирот на снабдување и

- да земе мостри од производите и да ги подложи на проверка на безбедноста;

2. За производ што може да претставува ризик во одредени услови може:

- да бара да биде означен со соодветни, јасни и лесно разбирливи предупредувања на официјалниот јазик во Република Северна Македонија за ризиците кои може да ги претставува и

- неговото пласирање на пазарот да биде условено со исполнување претходни барања со цел производот да биде безбеден;

3. За производ што може да претставува ризик за одредени лица може да нареди лицата благовремено и на соодветен начин да бидат предупредени за ризикот, вклучително и објавување посебни предупредувања;

4. За производ кој може да биде опасен времено да го забрани неговото пласирање, понудите за пласирање или негово изложување и тоа за период потребен за спроведување различни безбедносни проценки, проверки и контроли;

5. За опасен производ да го забрани неговото пласирање на пазарот и да воведе контролни мерки потребни да се осигура дека забраната се спроведува и

6. За опасен производ кој веќе е на пазарот може:
- да нареди или организира негово конкретно и непосредно повлекување и да ги предупреди потрошувачите за ризиците кои тој ги предизвикува и
- да нареди или координира или ако е потребно заедно со производителите и дистрибутерите да организира поврат на производот од потрошувачите и негово уништување во соодветни услови.

**Решение на надлежните инспектори**

Член 19

(1) Надлежните инспектори се должни да му укажат на трговецот за мерката што ќе ја изречат и со решение да го определи начинот на нејзино извршување.

(2) Со решението од ставот (1) на овој член надлежниот инспектор го определува рокот во кој што се преземе мерката при што овој рок не може да биде пократок од 24 часа ниту подолг од осум дена.

(3) Доколку субјектот на надзорот не постапи по наредбата на надлежниот инспектор од ставот (2) на овој член надлежниот инспектор со решение изрекува привремена забрана за вршење на дејност во траење од 15 до 30 работни дена.

(4) Мерката на поврат на производот од член 18 став (1) точка 6 алинеја 2 од овој закон надлежниот инспектор ја изрекува како последна мерка доколку сите останати мерки од овој закон што ги преземаат производителот и дистрибутерот самостојно или по налог на надлежниот инспектор не се доволни или не ги даваат очекуваните резултати.

(5) Пред преземањето на мерките за повлекување или поврат на производот од член 18 став (1) точки 4, 5 и 6 од овој закон, надлежните инспекциски органи се должни да ги поттикнат производителите и дистрибутерите самостојно да ги спроведат овие мерки вклучително и каде што е соодветно преку усвојување кодекси за најдобра практика.

**Постапка за инспекциски надзор**

Член 20

(1) Надлежните инспектори го вршат инспекцискиот надзор по службена должност.

(2) Надлежните инспектори се овластени да вршат инспекциски надзор и по пријава од потрошувач или друго заинтересирано лице, со тоа што оваа има само дејство на иницијатива за вршење инспекциски надзор.

(3) Надлежниот инспекторат е должен да го извести подносителот на пријавата за тоа дали е извршен инспекциски надзор врз основа на пријавата и кои мерки се преземени.

(4) Инспекцискиот надзор започнува со преземањето на првото дејствие од страна на надлежниот инспектор.

(5) Надлежниот инспектор за сите дејствија во постапката за инспекциски надзор што се од значење за утврдување на фактичката состојба составува записник.

(6) Кога ќе утврди повреда на одредбите од овој закон или на прописите донесени врз основа на овој закон, надлежниот инспектор донесува решение во согласност со своите права, обврски и одговорности, а во рок од пет работни дена од започнувањето или од завршувањето на постапката за инспекциски надзор.

**Субјекти на кои може да им бидат изречени инспекциските мерки**

Член 21

Надлежниот инспекциски орган ќе ги изрече мерките од овој закон соодветно кон:
- производителот,

- дистрибутерите во рамките на нивните дејности, особено на оној дистрибутер кој врши или го извршил првиот степен на дистрибуција на пазарот и
- други правни и физички лица кога тоа е потребно за да се обезбеди нивната соработка во дејствијата за избегнување и попречување на ризиците кои произлегуваат од производот.

**Изјаснување на субјектите**

Член 22

(1) Надлежниот инспекциски орган пред изрекувањето на мерките од членот 18 од овој закон, на субјектите од членот 21 од овој закон ќе им достави записник за спроведениот надзор по кој субјектите ќе може да се изјаснат.

(2) Доколку изрекувањето на мерките е итно поради постоење сериозна опасност по животот и здравјето на корисниците, надлежниот инспекциски орган правото на изјаснување ќе го овозможи по донесувањето на мерката.

**Жалба против решение за изрекување мерка**

Член 23

(1) Против решение со кое е изречена мерка од надлежени органи за надзор на пазарот може да се изјави жалба во рок од осум дена до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

(2) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го одлага неговото извршување.

**Трошоци на постапката за изрекување мерка**

Член 24

Трошоците коишто ќе настанат во постапката за инспекциски надзор се на товар на производителот и/или дистрибутерот ако се утврди дека производот не е безбеден.

**Сразмерност**

Член 25

Кога надлежниот инспектор ги презема мерките пропишани со членот 18 став (1) од овој закон, а особено оние од точките 4, 5 и 6 постапува со соодветно внимание сразмерно на сериозноста на ризикот.

**Превентивност**

Член 26

Надлежниот инспектор може да ги преземе мерките од членот 18 став (1) од овој закон и во случај кога не постои конечен научен доказ во врска со ризикот кој производот може да го претставува, без оглед на тоа дали последиците на тој ризик се непосредни или одложни, но постои почетен иако не до крај потврден резултат од научно истражување којшто укажува на сериозноста на ризикот и можните последици по здравјето и безбедноста на потрошувачите.

**Соработка во спроведување на надзорот**

Член 27

(1) Со цел да се обезбеди ефикасен надзор на пазарот кој има за цел да гарантира високо ниво на заштита на здравјето и безбедноста на потрошувачот, органите за надзор на пазарот меѓусебно соработуваат.

(2) Органите за надзор на пазарот соработуваат и со органите за надзор на пазарот на земјите-членки на Европската Унија.

(3) При спроведување на надзорот, органите за надзор на пазарот, освен овластувањата што ги имаат врз основа на овој закон и прописите со коишто се уредува нивната надлежност, ќе бидат надлежни да ги преземат и следните активности:

- воспоставување, периодично ажурирање и имплементација на секторски програми за надзор според категории на производи или ризици и мониторинг на активностите за надзор, наодите и резултатите,
- следење и ажурирање на научните и техничките сознанија за безбедноста на производите и
- периодично преразгледување и проценка на функционирањето на контролните активности и нивната ефикасност и ако е нужно ревизија на пристапот за надзор и воспоставената организација.

(4) Органите за надзор на пазарот заеднички соработуваат согласно со Законот за надзор на пазарот.

**Постапување на царински орган**

Член 28

Царинскиот орган нема да дозволи увоз или извоз на производ за кој со пропис на Владата на Република Северна Македонија со кој што се презема одлука на Европската комисија се забранува или ограничува пласирањето на пазарот и извозот на одреден производ или група производи коишто претставуваат сериозен ризик по здравјето и безбедноста на потрошувачите.

Глава 6

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Надлежност**

Член 29

(1) За прекршоците од член 30 став (1) точки 1), 2) и 5), ставови (2), (3), (4), (5) и (6) и член 31 од овој закон прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

(2) За прекршоците предвидени со член 30 став (1) точки 3), 4), 6), 7) и 8) од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува Министерството за економија, односно министерствата надлежни за соодветната област, преку Комисија за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: прекршочен орган).

**Прекршоци и глоби**

Член 30

(1) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, кое е микро трговец доколку:

1) пласира на пазарот опасни производи (член 5);

2) произведува, увезува, извезува или пласира на пазарот измамнички производи (член 7);

3) не им ги обезбедува на потрошувачите сите соодветни информации за ризикот од производот (член 9 став (1));

4) не презема мерки за проценка односно утврдување на ризикот (член 9 став (4) точки 1 и 2);

5) пласира производи за кои знае или требало да знае дека не се во согласност со барањата за општа безбедност на производите (член 10 став (2));

6) не доставува информации за ризиците од производот, не ја чува документацијата за утврдување на потеклото на производите и не соработува во мерките преземени од производителите и од надлежните државни органи (член 10 став (3));

7) не достави известување за ризиците од производот на со содржина, на начин, постапка и во рокови утврдени со пропис (член 11 ставови (1) и (2)) и

8) не соработува со надлежните инспекциски органи во дејствијата што се преземаат со цел да се избегнат ризиците (член 12 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е голем трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(6) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице или на трговец-поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

Член 31

(1) Глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое е микро трговец доколку ако не ги преземе мерките за спречување на ризикот на надлежниот инспекторат во рокот утврден со решението (член 18 став (1)).

(2) Глоба во износ од 2.000 до 6.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е мал трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 3.000 до 9.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е среден трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 6.000 до 20.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое е голем трговец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(5) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(6) Глоба во износ од 250 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице или на трговец-поединец за прекршокот од ставот (1) на овој член.

**Посебни прекршочни санкции и мерки**

Член 32

(1) За прекршоците од членот 30 од овој закон, коишто се сторени со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот, надлежниот суд може да изрече глоба во висина двојно од глобата предвидена со членот 30 од овој закон.

(2) За прекршоците од членот 31 од овој закон, коишто се сторени со цел сторителот за себе или за друго лице да прибави имотна корист или прекршокот е сторен од организирана група на лица или во текот на календарската година сторителот го повтори прекршокот, надлежниот суд може да изрече глоба во висина двојно од глобата предвидена со членот 31 од овој закон.

(3) За прекршоците од членовите 30 и 31 од овој закон, кога постои опасност прекршокот да биде повторен на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност во траење од три месеци до две години.

(4) За прекршоците од членот 30 од овој закон, на одговорното лице во правното лице, на физичкото лице, односно на трговецот-поединец ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана на вршење на професија, дејност или должност во траење од три месеци до една година.

(5) Кога со прекршоците од членовите 30 и 31 од овој закон, сторителот ќе се стекне со имотна корист, судот ќе ја одземе и имотната корист која е остварена со сторување на прекршокот.

**Постапка за издавање прекршочен платен налог**

Член 33

(1) За прекршоците од членовите 30 и 31 од овој закон, надлежниот инспектор ќе спроведе постапка за издавање прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Надлежниот инспекторат води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на постапките за издавање прекршочен платен налог.

Глава 7

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Рокови за донесување акти**

Член 34

Подзаконските актите предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Одложена примена**

Член 35

Одредбите од членот 11 став (3), членот 13 став (6), членот 15, членот 16, членот 27 став (2) и членот 28 ќе се применуваат по пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Влегување во сила**

Член 36

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.